Средно општинско земјоделско училиште КУЗМАН ШАПКАРЕВ Битола

| Примено: | 04.10.2023г | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 2731 | | |

| | |
|---|---|
| Архивски знак | 0302 |
| Рок на чување | 1г. |
| 03.11.2023 година | Потпис А.К. |

**До СОЗУ Кузман Шапкарев Битола**

**Б А Р А Њ Е**

**за пристап до информации од јавен карактер**

Од Младински културен центар Битола, ул. Цар Самоил бр.29, тел. 047/ 233 - 020, e-mail: mkcbt@t.mk
Застапник / полномошник на барателот на информацијата Александар Тодоровски, ул. Цар Самоил бр.29, тел. 075/ 468 - 577, e-mail: mkcbt@t.mk

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

**Ве молиме да ни ги доставите следните информации:**

1. Бројот на ученици во вашето училиште во учебната 2022/2023 година.
2. Листа на производи и услуги кои во вашето училиштето се финансирани со пари собрани од родителите на учениците во учебната 2022/2023 година.
3. Вкупната висина на финансиските средства потрошени на ниво на горенаведената листа на производи и услуги (трошоците да бидат по ставки, како на пример храна, обезбедување, осигурување, екскуризии, фотографски услуги, итн.).
4. Трошок на ниво на ученик во однос на поединчените производи и услуги кои се финансирани со пари од родителите (храна, обезбедување, осигурување, екскуризии, фотографски услуги, итн.).
5. Дали спроведените набавки на производи и услуги финансирани со пари од родителите се извршени врз основа на усвоени интерни акти (доколку да, ве молиме да ни ги доставите).
6. Дали интерните акти за набавките на производите и услуги што се финансираат со пари од родителите се објавени на веб-страницата на вашето училиште.

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго ________________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго ___

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер)

Во Битола
Датум: 03.10.2023 година

Потпис:

Име и презиме

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Средно општинско земјоделско училиште
КУЗМАН ШАПКАРЕВ
бр. 03-273/2
19.10. 2023 год.
БИТОЛА

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап на информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ“ број 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактердобиено по електронски пат од барателот Младински културен центар Битола со застапник / полномошник на барателот на информацијата Александар Тодоровски, со електронска адреса mkcbt@t.mk поднесено на ден 03.10.2023 година, а примено и заверено со архивски бр.03-273/1 од 04.10.2023 година, имателот на информацијата СОЗУ„Кузман Шапкарев“ од Битола, го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

Барањето од младински културен центар Битола со застапник / полномошник на барателот на информацијата Александар Тодоровски по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер:

1 Број на ученици во вашето училиште во учебната 2022/2023 година.

2. Листа на производи и услуги кои во вашето училиште се финансирани со пари собрани од родителите на учениците во учебната 2022/2023 година.

3. Вкупна висина на финансиските средства потрошени на ниво на горенаведената листа на производи и услуги (трошоците да бидат по ставки, како на пример храна, обезбедување, осигурување, екскурзии, фотографски услуги, итн.).

4. Трошок на ниво на ученик во однос на поединечните производи и услуги кои се финансирани со пари од родителите, (храна, обезбедување, осигурување, екскурзии, фотографски услуги, итн.).

5. Дали спроведените набавки на производи и услуги финансирани со пари од родителите се извршени врз основа на усвоени интерни акти (доколку да, ве молиме да ни ги доставите).

6. Дали интерните акти за набваките на производите и услугите што се финансираат со пари од родителите се објавени на веб-страницата на вашето училиште,

СЕ УВАЖУВА.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Во врска со барањето информација од јавен карактер од барателот Младински културен центар Битола со застапник / полномошник на барателот на информацијата Александар Тодоровски, со електронска адреса mkcbt@t.mk поднесено на ден 03.10.2023 година, а примено и заверено со архивски бр. 03-273/1 од 04.10.2023 година, имателот на информацијата СОЗУ„Кузман Шапкарев“ од Битола, Ви ја доставува информацијата:

1 Број на ученици во СОЗУ „Кузман Шапкарев“ од Битола на почеток на учебната 2022/2023 година е 42, во текот на второ полугодие се запишува еден ученик. Учебната година ја завршиле 43 ученика;

2. Производи и услуги кои се финансирани со пари собрани од родителите на учениците во учебната 2022/2023 година, се за осигурување на учениците, но овие финансиски средства се уплаќаат директно на сметката на избраната осигурителна компанија;
3. Вкупната висина на финансиски средства за производи и услуги потрошени по горенаведената листа, според осигурителна полиса изнесува 4.200,00 денари. Паричните средства се уплаќаат директно во избраната осигурителна компанија. Училиштето нема обврска со овие уплати.
4. Трошокот на ниво на ученик во однос на поединечните производи и услуги кои се финансирани со пари од родителите, (храна, обезбедување, осигурување, екскурзии, фотографски услуги, итн.) изнесува 100.00 денари за 1 (една) година за осигурување.

5. Набавките на производи и услуги финансирани со пари од родителите на учениците, се спроведуваат за осигурување на учениците се спроведува постапка согласно статутот на училиштето во делот на совет на родители и нивните задолженија.
Прилог: Извадок од Статутот на СОЗУ„Кузман Шапкарев“ од Битола.

6. Се што е финансирано со пари од родителите не е објавено на веб-страницата на училиштето.

Имателот на информација СОЗУ„Кузман Шапкарев“ од Битола постапувајќи во согласност со член 20 став 1 од Законот за слободен пристап на информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ“ број 101/2019) реши како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на решението.
Решено во СОЗУ„Кузман Шапкарев“ од Битола на 19.10.2023 година под бр.03-273/2.

СОЗУ „КУЗМАН ШАПКАРЕВ“-Битола
Директор
Кривевски Благојче

Службени лица определени за посредување со информации од јавен карактер

1 Кицевска Андријана-секретар

2.Филиповска Марија-психолог